Врз основа на член 50 став (1) точка 14 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 22, 23 од Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и член 20-г став (1) од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, распишува

# **Ј А В Е Н О Г Л А С бр.01/2024**
# **за вработување на помошно техничко лице – кафе-кувар**

Општина Чучер-Сандево има потреба од вработување на 1 (еден) извршител на работите задачи и обврски од работното место “кафе-кувар” во Општина Чучер-Сандево, на неопределено време, со полно работно време, на следното работно место:

1.УПР 04 04 А05 001 – Кафе-кувар – 1 (еден) извршител

I. Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните општи услови предвидени во член 15 од правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Чучер-Сандево:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или дејност.

II. Покрај општите услови кандидатите треба да ги исполнуваат посебните услови предвидени во член 20 од правилникот:

- стручни квалификации – средно гимназиско или средно стручно образование и
- со или без работно искуство.

III. Кандидатите со пријавата како доказ треба да приложат:

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- Уверение за општа здравствена способност за работното место за кое се пријавуваат;

- Потврда дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност и
- Диплома за завршено средно образование.

Неделното работно време трае од понеделник до петок, работното време почнува од 07:00 часот до 15:00 часот, паузата во текот на работното време трае од 10:30 часот до 11:00 часот.

Паричниот износ на основната месечна нето - плата за работното место изнесува 22. 211,00 денари.

**Напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2024 година, вработувањето е предвидено за Македонец/ка.

Рокот за пријавување на кандидатите трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат, а изборот на кандидатите ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена од истекот на рокот за пријавување.

Пријавата може да се превземе од ВЕБ – страната на Општина Чучер-Сандево на следниот линк: cucersandevo.gov.mk

Пријавите, со документите со ки се докажува исполнување на предвидените услови во огласот, во оргинал или преписи заверени кај нотар, да се доставаат непосредно или преку пошта до Општина Чучер-Сандево, ул.4 бр.6 с.Кучевиште, Тел:02 2 666-157, лице за контакт Марија Мисердовска.

При административната селекција ненавремените и нецелосните пријави нема да бидат земени во предвид при вршењето на избор од пријавените кандидати.

Пријавените кандидати во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот за вработување писмено ќе бидат известени за лицето што е избрано и ќе им се вратат сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата.

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ**

__________________